UDC: 82:004.738.5
*Original scientific paper*

# LITERATURE IN THE DIGITAL TIME
# КНИЖЕВНОСТА ВО ДИГИТАЛНОТО ВРЕМЕ

**Марина ДАНИЛОВСКА[1], Марина СПАСОВСКА[2]**

[1*] *Department of Macedonian Language and Literature, Faculty of Philology, University of Tetova*
[2] *Department of Macedonian Language and Literature, Faculty of Philology, University of Tetova*
[*]*Corresponding author e-mail: marina.danilovska@unite.edu.mk, marina.spavoska@unite.edu.mk*

**Апстракт**

Во овој труд ќе се осврнеме на рецепцијата на книжевноста во дигиталното време. Односот помеѓу литературното дело кое се наоѓа на интернет-страниците и читателот може да се разгледува од синхрониски аспект. Гордана Ткалец истакнува дека дијахрониското разгледување е поотежнато, бидејќи страниците имаат одреден „рок на траење“, па затоа е отежнат историскиот преглед. Во трудот ќе пристапиме и кон разгледување на дигиталните библиотеки (Дигиталната библиотека на Р С. Македонија, Дигиталната библиотека на ИМЛ, Дигиталнатата библиотека при НУБ „Св. Климент Охридски“ и др.) и на онлајн-платформите на коишто читателите можат да ги користат е-книгите, но ќе проговориме и за нивната употреба во наставата.

*Клучни зборови:* книжевност, интернет, книга, дигитална библиотека, комуникација.

**Abstract**

In this paper we will address the reception of literature in the digital age. The relationship between the literary work found on the Internet and the reader can be considered from a synchronic point of view. Gordana Tkalec points out that the diachronic review is more difficult, because the pages have a certain „expiration period“, which is why the historical review is aggravated. In the paper, we will also consider the digital libraries (the Digital Library of the Republic of N. Macedonia, the Digital Library of the IML, the Digital Library at the NUB „St. Kliment Ohridski“, etc.) and on the online platforms where readers can use the e-books and, we will also talk about their use in teaching.

*Keywords:* literature, internet, book, digital library, communication.

Во последната деценија, освен печатените книги, кај нас се појавуваат сè повеќе електронски изданија и електронски книги, односно книжевните текстови добиваат нови облици. Електронската литература е создадена во дигитална средина, а книгите се читаат на дигитален уред, е-читач. Болтер истакнува дека „(...) е-книгата присвојува и преобликува многу физички својства, како и „интерфејсот“на традиционалната книга. Лесна е за носење; читателот пишува белешки на нејзините маргини и подвлекува пасуси како во печатената книга (…)

Дизајнерите на е-книгата сакаа да им дадат на своите корисници нов начин да му пристапат на наследството на печатењето (…) Една иновација е тоа што е-книгата го претвора секој текст во хипертекст, во кој читателот може да бара појава на зборови и фрази низ текстот, така што целиот текст веднаш му станува достапен на читателот на начин како што не е во печатената книга.“[87]

Ќе истакнеме дека и во училиштата, на часовите по книжевност, може да се вклучи активност за создавање на аудио или визуелна приказна, а за таа цел може да се користи веб-страницата StoryJumper[88]. За нејзина употреба потребна е регистрација, која е бесплатна. Оваа веб-страница им овозможува на учениците да се служат со дадена приказна и да ја илустрираат истата, или, пак, да создадат своја илустрирана приказна. Учениците можат да работат индивидуално или во групи, секако со дадени насоки од наставникот. На овој начин доаѓа до израз нивната креативност, критички размислуваат и усвојуваат вештини за пишување.

Едноставно, спојот на текстот со слика и звук ја поттикнува мотивацијата кај учениците, па така оваа креативна алатка не само што го потпомага учењето туку и внесува забава. Со помош на оваа веб-страница се изработени неколку приказни за потребите на учениците кај нас. Тоа се приказните: „Волк и мачор“[89] (народна приказна), „Златка и трите мечки“[90] (за прво одделение), и „Двајца другари“[91] од Толстој. Исто така, наставниците можат да ги користат и апликациите за телефон My Story School eBook Maker[92] и Book Creator[93].

За илустрација ќе наведеме дека на часот по предметот Македонски јазик и литература во VII одделение, може да изготват мала електронска книга за народната приказна „Девојчето и дванаесетте месеци“[94]. Тие работат во групи, а бројот на ученици во групата зависи од бројот на учениците во паралелката. Првата група пишува краток текст за приказната, а втората група пронаоѓа соодветни илустрации. Во текот на оваа активност постојано соработуваат и осознаваат на кој начин еден литературен текст може да се пренесе во дигитален формат. Вака организираната активност „ги поттикнува и обединува сите умствени заложби: заклучувањето, памтењето, воопштувањето, систематизирањето, мечтаењето, анализирањето, синтетизирањето, индуктивноста, дедуктивноста итн. Затоа вистинската настава, нова и современа, треба да се темели врз творечкото мислење на учениците (...)“, истакнува Здравковски (1994: 344).

---

[87] „(...) the eBook appropriates and refashions many of the physical properties as well as the “interface“ of a traditional book. It is lightweight and easy to carry; the reader an write notes in its margins and underline passages as in a printed book. (…) The designers of the eBook wanted to give their users a new way to approach the heritage of print. (…) One innovation is that the eBook turns any text into a hypertext, in wich the reader can search for the occurrence of words and phrases throughout the text, so that the whole text becomes immediately available to the reader in a way a printed book is not“ (Bolter 2001: 80,81)

[88] https://www.commonsense.org/education/reviews/storyjumper

[89] https://www.storyjumper.com/book/read/80302165/%D0%92%D0%9E%D0%9B%D0%9A-%D0%98-%D0%9C%D0%90%D0%A7%D0%9E%D0%A0#

[90] https://www.storyjumper.com/book/read/78623445/%D0%97%D0%BB%D0%B0%D1%82%D0%BA%D0%B0-%D0%B8-%D1%82%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BC%D0%B5%D1%87%D0%BA%D0%B8

[91] https://www.storyjumper.com/book/read/81026295/%D0%94%D0%92%D0%90%D0%88%D0%A6%D0%90-%D0%94%D0%A0%D0%A3%D0%93%D0%90%D0%A0%D0%98#

[92] https://www.commonsense.org/education/reviews/my-story-school-ebook-maker

[93] https://bookcreator.com/press/the-book-creator-story/

[94] Велкова, Јовановска, 202: 38, https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/Makedonski_7odd.%20S.Velkova_PRINT%20-%20OK_compressed.pdf, пристапено на: 20.11.2022 г.

За потребите на трудот направивме и истражување на дигиталните библиотеки и дигиталните изданија во Р С. Македонија[95], кои овозможуваат бесплатно користење на електронските книги. Во најголем процент станува збор за печатена литература којашто е дигитализирана, но имаме и книжевни текстови кои се само дигитализирани. Забележавме дека литературата за деца е маргинализирана, но, сепак, пронајдовме неколку интернет-страници кои овозможуваат користење на дигитални сликовници. На веб-страницата на Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор", во делот Библиотека[96] пронајдовме 24 дигитални аудиосликовници и 25 сликовници (објавени на македонски, албански и на турски јазик), и во кои се засегаат секојдневни теми и одредени стереотипни претстави[97], но и 20 аудиосликовници со знаковен јазик[98].

Во нив се нуди креативен пристап за разбирање на попреченоста, стравот од темнината, за носењето очила, работните обврски и уште многу други теми кои ги воведуваат децата во светот на возрасните. Како автори се јавуваат македонски и странски писатели. Интересен е и податокот што во сликовниците кои се дигитализирани на два или на три јазика имињата на главните јунави се адаптираат, па така на македонски јазик е „Вики и очилата", на албански јазик е „Dea dhe syzet", а на турски јазик е „Benek ve gözulükleri".

Истото се забележува и во останатите наслови (на пр. „Даниел сака да исчезне" и „Lindi do të ik"; „Кралот Бен", „Mbeti Ben" и „Sultan Orhan"; „Братче за Петар", „Vëlla për Petritin" и „Palat'a Kardes Geliyor"). На веб-страницата на Светот на Биби[99] при пребарување на Едукација, во делот Видео сервис, најмалите ќе можат да ги погледнат *Сказните на Биби* („Очилата на Илин", „Рудникот на Џемаил", „Волшебниот бисер", „Биби, Боби и куќичката од чоколадо" и др.), ќе можат да запловат во водите на песничките, да се запознаат со *Приказните на мама* („Алфеј и облаците што менуваат бои", „Сонливата Луна", „Зази и ѕвездата со опашка" и др.), но ќе можат и да ја слушнат аудиосказната „Лавот што не сакаше да биде крал".

Содржините можат да се погледнат откако ќе се направи регистрација, а цената за еден месец користење изнесува 99 денари. Тука ќе ја спомнеме и детската електронска сликовница „Иван и Илина"[100] која ги урива предрасудите и во неа се говори за едно поинакво пријателство. Таа им помага на децата да не градат предрасуди за различностите, односно за децата со Даунов синдром.

---

[95] Како информација ќе наведеме и неколку интернет-страници коишто овозможуваат користење на бесплатни изданија на други јазици (англиски, германски, хрватски, српски, албански и др), како: Planet ebook (https://www.planetebook.com/), Project Gutenberg (https://www.gutenberg.org/), digitalbook (https://www.digitalbook.io/ebooks/popular), Bukinist (https://bukinist.al/sq/), Libraria Ime (https://librariaime.com/), eknjiga.hr (https://www.eknjiga.hr/), BEK (https://elektronickeknjige.com/), Knjižnice grada Zagreba (https://www.kgz.hr/hr/e-izvori/besplatne-eknjige-5189/5189), TookBook (https://www.bug.hr/appdana/tookbook-elektronicka-knjiznica-s-knjigama-na-hrvatskom-jeziku-18700), Elektronska knjiga (https://elektronskaknjiga.com/), Laguna (https://www.laguna.rs/z136_zanr_e-knjige_laguna.html) и др.

[96] https://www.stepbystep.org.mk/biblioteka

[97] https://www.stepbystep.org.mk/WEBprostor/slikovnici/Viki%20i%20ocilata%20SQ/VikiIOcilataSQ.html# (на албански јазик „Dead he syzet"), https://www.stepbystep.org.mk/WEBprostor/slikovnici/Viki%20i%20ocilata%20MK/VikiIOcilataMK.html# (на македонски јазик „Вики и очилата")

[98] https://www.youtube.com/watch?v=6wgMo6uwVkM&t=146s („Вики и очилата"),

[99] https://svetotnabibi.mk/

[100] https://issuu.com/gjorgjejovanovik/docs/slikovnica_203?ff=true. Оваа сликовница е промовирана од Здружението за поддршка на деца и млади со различности „Сината птица". Авторка е новинарката Мимоза Петровска Георгиева, мајка на девојче со Даунов синдром.

Во трудот ќе пристапиме и кон разгледување на книжевниот фонд на: Дигиталната библиотека при НУБ „Свети Климент Охридски“, Дигиталната библиотека при библиотеката „Браќа Миладиновци“, Дигиталната библиотека на ИМЛ, Дигиталната библиотека на МАНУ, Македоника, Националниот сојуз на слепи, електронските учебници на Министерството за образование и наука и електронските книжарници на Книготека и Книга.мк. Дигиталната библиотека при НУБ „Свети Климент Охридски“ – Скопје, преку својата веб-страница[101], овозможува бесплатен пристап до книги (со преглед по автор има 147 записи, со преглед на наслов има 404 записи, но може да се пребарува и по година на издание или клучни зборови), старословенски ракописи, старопечатени и ретки книги[102], изданија, аудио книги[103], весници и др.

Дигиталната библиотека при библиотеката „Браќа Миладиновци“[104] од Скопје содржи 78 дигитализирани книги, весници, 6 стари и ретки книги, списанието „Современост“ со вкупно 9 единици и др. Во Дигиталната библиотека на ИМЛ[105] во електронска форма можат да се најдат изданијата на Институтот за македонска литература во Скопје. Во делот Зборници[106] може да се пребарува по клучни зборови и по наслов, а во делот Текстови[107] понудени се повеќе можности за пребарување, и тоа: клучни зборови, наслов на книга, име на автор и одбирање на Зборник.

Во Дигиталната библиотека на МАНУ, во дигитални ресурси на македонски јазик[108], се достапни: стари книги и текстови и електронски изданија[109]. Во делот електронски изданија се наоѓаат: Монографии, Уметничка литература, Зборници на трудови од научни собири, Периодични изданија и Видеоматеријали.

Македоника[110] нуди бесплатно читање на нејзините изданија, а пристапуваме до нив со регистрација. Книгите се на македонски јазик, а станува збор за соврмени дела (проза, поезија, роман, раскази, драма, лектира, сликовници, литература за деца и др.) од македонски и од странски автори. Проект Растко[111] дигиталната библиотека има богата архива со над 500 објавени дела. Овозможено е пребарување по содржина и по авторски индекс. На оваа платформа може да се ужива и во читањето на списанието за книжевност и култура „Акт“. Читателот може да ги чита книжевните остварувања во пдф-формат.

Национален сојуз на слепи на Р С. Македонија нуди можност за слушање на аудиокниги и на аудиоучебници. Во категоријата аудиокниги[112] се наоѓаат 214 книги од македонски и странски автори, додека во категоријата аудиоучебници се сместени 34 единици. На порталот или дигиталната библиотека за електронски учебници[113] на Министерството за образование и наука можат да се читаат или да се преземат електронски учебници за основно и за средно образование. Учебниците се поделени на учебници за основно, за средно и за средно стручно образование. Дел од дигиталните учебници не можат да се преземат.

---

[101] http://www.dlib.mk/
[102] http://www.dlib.mk/handle/68275/4
[103] http://www.dlib.mk/handle/68275/473
[104] https://digitalna.gbsk.mk/
[105] https://e-biblioteka.mk/
[106] https://e-biblioteka.mk/%d0%b1%d0%b8%d0%b1%d0%bb%d0%b8%d0%be%d1%82%d0%b5%d0%ba%d0%b0-%d0%b7%d0%b1%d0%be%d1%80%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b8/
[107] https://e-biblioteka.mk/%d0%b1%d0%b8%d0%b1%d0%bb%d0%b8%d0%be%d1%82%d0%b5%d0%ba%d0%b0/
[108] http://drmj.manu.edu.mk/
[109] http://manu.edu.mk/izdanija-elektronski/
[110] http://www.makedonika.mk/Default.aspx
[111] http://makedonija.rastko.net/
[112] https://nssrm.org.mk/category/audio-knigi/
[113] https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/

Па така, за прво одделение се достапни два учебника; за второ одделение исто така два, за трето одделение се 5 учебника; за четврто одделение се 6 учебника; за петто одделение се 4 учебника; за шесто одделение се 37 учебника; за седмо одделение се 18 учебника; за осмо одделение се 27 учебника и за деветто одделение се 24 учебника. За средно гимназиско образование се достапни вкупно 10 учебника од прва до четврта година; додека за средно стручно образование за 15 струки се достапни вкупно 155 учебници и 20 учебници за општо-образовни предмети. Учебниците се дигитализирани на македонски, албански и на турски јазик.

Освен бесплатно користење на книжевните остварувања во дигиталните библиотеки, во ерата на интернетот тие можат и да се купат како електронски изданија. Книготека[114], всушност е првата македонска дигитална книжарница каде што можат да се купат електронски книга во издание на македонските издавачки куќи пришто читателот може да го прилагоди читањето според потребите со избор на фонт и големина на текст. Изборот на книги е подреден по категории (книги за деца, антологии, белетристика, драма, новели, поезија и др.) и по издавачи (Сакам книги, Бегемот, Антолог, ИЛИ-ИЛИ, Полица, Македоника литера, Бата прес, ПНВ публикации). Треба да се напомене дека цената на електронските изданија е пониска во однос на цената на печатените изданија.

На интернет-книжарницата Книга.мк[115] се продаваат книги во печатена и во електронска форма. Како е-изданија се забележуваат 212 единици на македонски јазик. И издавачката куќа Готен[116] врши продажба на електронски книги, а на нивната страница може да се најде бројка од 80 електронски книги по симболична цена. Ќе истакнеме дека во последниве две-три години е зголемена побарувачката за е-книги. На интернет-страниците се забележуваат и електронски книжевни списанија, па така списанието за литература, култура и уметност „Современост“[117] овозможува пристап до електронските верзии на осум броја (од 2018 до 2019 г.). Електронското списание за книжевност „Елементи“[118] излегува еднаш на два месеца и ги афирмира книжевните остварувања на македонските писатели, писателите од Регионот и од светската книжевност, но и на младите македонски писатели.

Во списанието има пет категории, и тоа: поезија, проза, драма, есеи и интервју. На истата веб-страница во делот Блог се внесуваат информации за случувањата од книжевноста и од културата. На веб-страницата на Универзитетот во Тетово електронски се достапни списанијата Филологија (Filologjia[119]), Албанологија (Albanologjia[120]) и др. Списанието Филологија содржи истражувања за јазикот и за литературата кои засегаат актуелни прашања од областа на филологијата, а во списанието Албанологија се објавуваат значајни студии од албанологијата, и тоа од повеќе дисциплини, како: историја, литература, лингвистика и др. Меѓународно македонистичко списание „Спектар“[121] во издание на ИМЛ од јубилејниот број 41-42 достапен е и на интернет, а на интернет-страницата на Филолошки факултет „Блаже Конески“ достапни се неколку учебници и прирачници, списанија и зборници во издание на Факултетот.

---

[114] https://ebooks.knigoteka.mk/
[115] https://shop.kniga.mk/sales-and-delivery
[116] http://www.gotenpublishing.com/product-category/e-knigi/
[117] https://zenica.mk/2022/01/29/broevi-na-sovremenost-2018-2019/
[118] https://elementi.mk/impresum/
[119] https://sites.google.com/unite.edu.mk/filologjia
[120] https://sites.google.com/unite.edu.mk/albanologjia
[121] https://spektar.edu.mk/sp/%d0%b0%d1%80%d1%85%d0%b8%d0%b2%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d1%82%d1%85%d0%be%d0%b4%d0%bd%d0%b8-%d0%b1%d1%80%d0%be%d0%b5%d0%b2%d0%b8/

Тука треба да ја споменеме и првата македонска мобилна апликација за читање и слушање книги Boksy[122], која е наменета за најмладите. Таа содржи книги за деца на македонски, англиски и на албански јазик. За да се користи апликацијата потребна е регистрација. Не треба да ја одминеме и платформата за аудиокниги на македонски јазик „Самоглас"[123], којашто има повеќе од 80 дела. Сè што треба да се направи е бесплатна регистрација на нивната веб-страница, а потоа се добива пристап до електронските изданија. Односот помеѓу литературното дело кое се наоѓа на интернет-страниците и читателот може да се разгледува од синхрониски аспект.

Гордана Ткалец истакнува дека дијахрониското разгледување е поотежнато, бидејќи страниците имаат одреден „рок на траење", па затоа е отежнат историскиот преглед. Таа додава дека „во последно време се зголемил интересот за старите книжевни дела, па и тие полека стануваат достапни по пат на интернетот... иако тука се работи за дела од историјата, не можеме да зборуваме за односот на делото и читателот од дијахрониски аспект.... бидејќи читателот е современ и неговата средба со тоа дело се случува во сегашноста, односно на сихронија" (Ткалец 2010: 72). На крајот ќе заклучиме дека најважно е да сакаме да читаме, а пред секој вљубеник на пишаниот збор се распослало вистинско богатство од електронски книги со чија помош ќе запознаеме нови култури, ќе запловиме во иднината, но ќе ѕирнеме и во минатото.

**Референци**


[1]. Велковска, С., Јовановска, С. (2020). *Македонски јазик за VII одделение за основно образование*. Скопје: МОН.

[1]. Здравковски, Ц. (1994). *Драмата во наставата*. Скопје: Просветно дело.

[2]. Јуинг, Р., Лори, Т., Хигс, Џ. (2016). *Наставата и комуникацијата*. Тетово: Arbëria Design

абецеден редослед

[1]. Bolter. J.D. (2001). *Writing Space. Computers, Hypertext and Remediation of Print,* Mahwah, New Jersey, London: LEA.

[2]. Tkalec, G. (2010). „Primenljivost teorije recepcije na medij interneta", *FLUMENSIA*, br. 2, str. 69-81 (https://hrcak.srce.hr/65378)

[3]. Tkalec, G. (2009). „U hipermarketu hiperteksta: književni tekst na internetu", *NOVA CROATICA,* III, Zagreb, str. 51-60 (https://hrcak.srce.hr/174652)

https://bookcreator.com/press/the-book-creator-story/

https://www.commonsense.org/education/reviews/storyjumper

https://www.commonsense.org/education/reviews/my-story-school-ebook-maker

https://digitalna.gbsk.mk/

http://www.dlib.mk/

http://drmj.manu.edu.mk/

https://e-biblioteka.mk/

https://ebooks.knigoteka.mk/

https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/

https://elementi.mk/impresum/

http://www.gotenpublishing.com/product-category/e-knigi/

http://makedonija.rastko.net/

http://www.makedonika.mk/Default.aspx

https://nssrm.org.mk

https://www.samoglas.mk/

https://shop.kniga.mk/sales-and-delivery

https://sites.google.com/unite.edu.mk/albanologjia

https://sites.google.com/unite.edu.mk/filologjia

https://spektar.edu.mk/sp/%d0%b0%d1%80%d1%85%d0%b8%d0%b2%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d1%82%d1%85%d0%be%d0%b4%d0%bd%d0%b8-%d0%b1%d1%80%d0%be%d0%b5%d0%b2%d0%b8/

https://www.stepbystep.org.mk/biblioteka


[122] https://boksy.mk/

[123] https://www.samoglas.mk/